**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр. 1103-248/8**
**Скопје, 23.06.2006 година**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА**

## КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Министерството за труд и социјална политика - Сметка за приходи наплатени од органи - Заштита на деца, за 2005 година, кои се прикажани на страните од 4 до 6.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 8 од Законот за државна ревизија.

3. Државниот завод за ревизија има вршено ревизија за 2002 година и има издадено извештај за финансиските извештаи на Министерството за труд и социјална политика - Сметка за приходи наплатени од органи - Заштита на деца со издадено негативно мислење за резултатот од финансиските активноси и за законското и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој Конечен извештај, претставуваат одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:

   – Стевчо Јакимовски, министер од 24.12.2004 година

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој Конечен извештај, прикажан на страните од 1 до 3 и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е планирана и извршена во периодот од 01.03.2006 до 26.05.2006 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија . во состав:

   - Танка Блажевска, Помошник ГДР и Овластен државен ревизор;
   - Љубица Тошевска, Самостоен ревизор;

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

- дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива и
- дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. На ден 16.06.2006 година со писмо бр. 05-5851/2 примена е забелешка по Претходниот извештај на овластениот државен ревизор која се однесува на наодот даден во точката 10.1. за неосновано остварен приход од закуп на градежен објект - детска градинка. Забелешката е разгледана и како неоснована е одбиена, бидејки посочените одредби од Законот за заштита на децата и Законот за установите се условени со определени обврски за министерството кои во дадениот случај не се исполнети.

11. Со ревизија на финансиските извештаи дадени како составен дел на овој Конечен извештај ревизијата го констатира следното:

11.1. Министерството за труд и социјална политика во 2005 година има остварено приход на сметката за приходи наплатени од органи по основ на закуп од издаден градежен објект – детска градинка во вкупен износ од 7.198 илјади. Истите се реинвестирани во започнување активност за изградба на нова градинка во Ѓорче Петров, за што се потрошени средства во вкупен износ од 7.234 илјади денари како надомест за уредување на градежно земјиште и други подготвителни работи. Согласно Законот за користење и располагање со стварите на државните органи, овие средства не се приход на Министерството, туку истите требало да бидат уплатени во Буџетот на Република Македонија на сметката 840 - 6478 - приходи од продажба и закуп на стари во државна сопственост, кои престанале да ги користат органите на државна власт.

За изградба на детската градинка со Одлука за јавна набавка од 2005 година Министерот за труд и социјална политика планирал да се обезбедат средства од оваа сметка во 2006 година во вкупен износ од 10.000 илјади денари, со цел завршување на планираната инвестиција. Имајки ја предвид севкупната состојба ревизијата смета дека иако преземените активности се во рамките на дејноста на министерството, сепак се спротивни на наведениот Закон донесен во месец февруари 2005 година, бидејки се искористени и планирани средства за наредниот период, кои не му припаѓаат на министерството.

**Препораки и мерки**

1. Министерот да превземе мерки и активности средствата за планираната инвестиција да ги обезбеди од редовната сметка на буџетот на министерството или од други извори со ребалансирање на позицијата – Капитални расходи, а приходите од закуп да ги пренасочи на соодветната уплатна сметка на Буџетот на РМ.

12. Според наше мислење, финансиските извештаи не ја претставуваат вистинито и објективно, финансиската состојба на Министерството за труд и социјална политика - Сметка за приходи наплатени од органи - Заштита на деца под 31 Декември 2005 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум согласно важечката законска регулатива.

13. Според наше мислење кај Министерството за труд и социјална политика - Сметка за приходи наплатени од органи - Заштита на деца не е остварено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2005 година.

14. Со ревизија на финансиските извештаи за 2005 година кај Министерството за труд и социјална политика - Сметка за приходи наплатени од органи - Заштита на деца ревизијата констатира дека превземени се мерки и отстранети се неправилностите констатирани во ревизорскиот извештај за 2002 година.

**Овластен државен ревизор**

**Скопје, 23.06.2006 година**

**Танка Блажевска**

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2005 ГОДИНА

**во 000 денари**

| **Опис на позицијата** | **2005** | **2004** |
|---|---|---|
| **Приходи** | | |
| Неданочни приходи | 7.198 | 7.200 |
| Трансфери и донации | 10.109 | 7.775 |
| **Вкупно приходи** | **17.307** | **14.975** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Стоки и услуги | 0 | 3.166 |
| **Вкупно тековни расходи** | **0** | **3.166** |
| **Капитални расходи** | | |
| Капитални расходи | 7.980 | 1.700 |
| **Вкупно капитални расходи** | **7.980** | **1.700** |
| **Вкупно расходи** | **7.980** | **4.866** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | **9.327** | **10.109** |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2005 | 2004 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства | 9.327 | 10.109 |
| **Вкупно тековни средства** | **9.327** | **10.109** |
| **Постојани средства** | | |
| Материјални средства | 7.659 | 0 |
| **Вкупно постојани средства** | **7.659** | **0** |
| **Вкупна актива** | **16.986** | **10.109** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Пасивни временски разграничувања | 9.327 | 10.109 |
| **Вкупно тековни обврски** | **9.327** | **10.109** |
| **Извори на средства** | | |
| Извори на капитални средства | 7.659 | 0 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | **7.659** | **0** |
| **Извори на други средства** | **0** | **0** |
| **Вкупна пасива** | **16.986** | **10.109** |

## ПРЕГЛЕД
## НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2005 ГОДИНА

| О П И С | Државен јавен капитал |
|---|---|
| **Состојба 01.01.2005 година** | **-** |
| **Зголемување по основ на:** | **7.684** |
| Вложувања во 2005 за изградба на детска градинка во Г.Петров | 7.234 |
| Реконструкција на грејна инсталација во Градинка под закуп на А.амбасада | 450 |
| Ревалоризација на капитални средства | - |
| **Намалување по основ на:** | **25** |
| Отпис на капитални средства | - |
| Ревалоризација на отпишани капитални средства | - |
| Амортизација | 25 |
| **Состојба 31.12.2005 година** | **7.659** |